Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26 12 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6562 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
**од редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 ноември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор беа:

- обврските од член 12 од Законот за медиуми (Импресум) и
- обврските од член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

***Констатации:***

Со мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТВ АЛФА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 ноември 2014 година, се констатирани недоследности, во смисла на - нецелосно исполнување на некои од обврските за објавување податоци кои произлегуваат од член 12 од Законот за медиуми и член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а одредени обврски воопшто не се исполнети.

- Во текот на дваесет и четири часовната програма емитувана на 21 ноември 2014 година, ТРД ТВ АЛФА ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис воопшто не објави податоци за идентификација на програмскиот сервис (импресум), односно не објави информации што треба да им ги направи достапни на корисниците, најмалку еднаш дневно;

- Во однос на дневно - информативните емисии (вестите) кои се составени од повеќе новинарски прилози идентификувани се само новинарите – автори за секој засебен прилог и на одјавната шпица на вестите идентификувани се уредниците. На одјавната шпица на дневно – информативните емисии не се објавени податоците за ко-авторите (целокупната телевизиска екипа) вклучувајќи ги камерманите, лицето задолжено за техничкото водство на емисијата и други членови на екипата со значаен ангажман во изработка на прилозите. Исто така, за времетраење на вестите во одредени прилози не се објавени името и презимето на сниметелот и на монтажерот.

- Кај купените програми што се емитуваат на ТРД ТВ АЛФА ДООЕЛ Скопје, на пример, кај сериите и серијалите што се нахсинхронизираат, податоците за екипата која ја прилагодила програмата за македонската публика се објавени но не се објавени податоците за оригиналната екипа.

***Предлог мерка:***

Резултатите од административниот надзор упатуваат на тоа дека програмскиот сервис не е целосно запознаен со начинот на кој треба да ги исполни обврските за објавување импресум, односно податоци за идентификација на програмскиот сервис, како

и со тоа кои сѐ други информации за поединечните содржини (емисии или новинарски прилози) треба да се објават. Имајќи предвид дека станува збор за нови законски обврски и дека ова е прв административен надзор на овој сервис, предлагаме на радиодифузерот да му се испрати укажување со насоки за начинот на исполнување на обврските.

*Датум на извршување на административниот надзор:*
*26.12.2014 година*